**20091051970**

## СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на член 75 ставови 1 и 2 од Уставот на Република Македонија, претседателот на Република Македонија и претседателот на Собранието на Република Македонија издаваат

## У К А З
## ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ТРГОВИЈА

Се прогласува Законот за дополнување на Законот за трговија,

што Собранието на Република Македонија го донесе на седницата одржана на 18 август 2009 година.

Бр. 07-3634/1
18 август 2009 година
Скопје

Претседател
на Република Македонија,
**Ѓорге Иванов,** с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
**Трајко Вељаноски,** с.р.

## ЗАКОН ЗА ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ТРГОВИЈА

Член 1

Во Законот за трговија ("Службен весник на Република Македонија" број 16/2004, 128/2006, 63/2007, 88/2008, 159/2008 и 20/2009), во членот 25 по ставот 1 се додава нов став 2, кој гласи:

„По исклучок од ставот 1 на овој член работното време е 24 часа на бензинските станици на кои точењето на гориво се врши без лица за опслужување, односно со ставање на пари, магнетни или чип картички и функционираат на принцип на самопослужување."

Ставовите 2 и 3 стануваат ставови 3 и 4.

Член 2

Овој закон влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".